[redacted]

**До**
**Основен суд Прилеп**
**ул. Гоце Делчев бб.**

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП ПРИМЕНО на 16 FEV 2024 год.

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

[redacted] за човекови права спроведува мониторинг на спроведување на Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија (2021-2025) во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица", финансиран од Европската Унија.

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. Колку пресуди за општокорисна работа се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.
2. Колку пресуди за условна осуда се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.
3. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.
4. Колку пресуди за судска опомена се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.
5. Колку пресуди за куќен затвор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023 година.
6. Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обажалени? Ве молам да ни доставите податоци за 2023година.

Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа Александра Трајановска aleksandra.trajanovska@mhc.org.mk 070/666-654

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго ________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**√ г) е-маил**

- д) друго ________________________________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

Изработила

А.Т.

Скопје, 08.02.2024 година

**Ви благодариме за соработката,**

---------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.4/2024
28.02.2024

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер при Основниот суд во Прилеп [redacted]-самостоен судски советник, постапувајќи по барањето на [redacted] за пристап на информации од јавен карактер бр.08-67 од 08.02.2024год., согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УСВОЈУВА барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер бр.08-67 од 08.02.2024год. на [redacted]

Ве известуваме:

1.Во текот на 2023год. во Основниот суд во Прилеп, не се изречени пресуди за општокорисна работа.

2.Во 2023год. во Основниот суд во Прилеп се изречени 228 пресуди со условна осуда.

3.Во 2023год. во Основен суд Прилеп се изречени 3 условни осуди со заштитен надзор.

4. Во текот на 2023год. во Основниот суд во Прилеп се изречени 9 пресуди со судска опомена.

5.Во 2023год. во Основен суд Прилеп не се изречени пресуди со куќен затвор.

6.Од изречените пресуди со алтернативни мерки, во 2023год. во Основниот суд во Прилеп 42 пресуди се обжалени.

## О б р а з л о ж е н и е

По поднесеното барање на [redacted] за слободен пристап на информации од јавен карактер бр.08-67 од 08.02.2024год.,

Основниот суд во Прилеп постапувајќи согласно чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во изреката на решението.

ПРАВНА ПОУКА:Рок за жалба 15 дена по приемот на решението преку овој суд до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Службеното лице- Самостоен судски советник

Даниела Момироска

# ИНФОРМАЦИЈА

1. нема инфо.

2. Во 2023 година во Основен суд Прилеп се изречени 228 пресуда со условна осуда.

3. Во 2023 година во Основен суд Прилеп се изречени 3 условни осуди со заштитен надзор.

4. Во 2023 година во Основен суд Прилеп се изречени 9 прсуди со судска опомена.

5. Во 2023 година во Основен суд Прилеп ~~се изречени~~ не се изречени пресуд со куќен затвор.

6. Во 2023 година во Основен суд Прилеп од изречените пресуд со алтернативни мерки обжалени се 42 од нив.

26.02.2024

Судски службеник
Наталија Наумоска